**Листа на рокови за постапување  во постапкатана Друштвото за осигурување Халк осигурување ад Скопје**

➢ 2 работни дена од денот на прием на барање друштвото да ја евидентира пријавената штета во Книгата на штети.

➢ 3 работни дена од денот на прием на дополнителна доказна документација која укажува на промена на првично резервираниот износ на штетата, друштвото за осигурување е должно да врши промени во резервите на штети

➢ 8 дена од прием на барање на информација, друштвото за осигурување да обезбеди информација

➢ 14 дена од денот на поднесување на барањето за надомест да провери дали кон барањето за надомест е доставена потребната документација пропишана од друштвото за осигурување, односно дали барањето за надомест е комплетно од аспект на документација која ја доставува оштетениот и да изврши извид (увид) и проценка на оштетувањата односно повредите.

➢ 14 дена за барањата за надомест со проценет износ до 35.000 денари, за кои друштвото за осигурување констатира обврска за штети со барањето за надомест кои не се спорни со комплетирана документација и проценет износ, друштвото за осигурување е должно надоместот на штета да го исплати во рок не подолг од рокот утврден во членот 975 од Законот за облигационите односи, без барање за потпишување на спогодба со оштетениот.

➢ 14 дена од денот на пријава на штета со Европски Извештај, доколку вклучените друштва за осигурување при обработка на штета, не можат да постигнат договор за начинот на обештетување, во рокот предвиден од друштвата за осигурување, се должни сразмерно да ја исплатат штетата.

➢ 30 дена од прием на образложена понуда/одговор од оштетениот, оштетениот има право на приговор.

➢ 30 дена од поднесување на приговорот од оштетениот, друштвото за осигурување да одлучи и одговори по приговорот.

➢ 60 дена од прием на барање, друштвото за осигурување да достави до оштетениот образложена понуда за надомест на штета во случај основот и висината на штетата да не се спорни, образложен одговор по однос на сите точки на барањето за надомест доколку обврската на друштвото за осигурување е спорна и образложен одговор по однос на сите точки на барањето за надомест доколку висината на штететата е спорна.

➢ 90 дена рок од денот на поднесување на барањето за надомест во кој друштвото за осигурување може да донесе одлука за решавање на штета и во случај кога оштетениот не постапи по најмалку две последователни барања на друштвото за доставување на дополнителна документација.

. Зелен картон:

➢ 42  дена од денот на пријава на штета ЗК за конфирмација на осигурително покритие

➢ 60 дена за штети ЗК  по прием на debit note рок за исплата на штетата